СТ.13/24

ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС како првостепен суд преку стечајниот судија Дара Арсова, по запирање и заклучување на стечајната постапка над должникот Друштво за производство и промет на млинарско пекарски производи и сточна храна ЖИТО ВАРДАР АД Велес -во стечај, постапувајќи по предлог на стечајниот управник од 03.10.2024 година за спроведување на дополнителна распределба на новопронајден имот на стечајниот должник, без одржување на рочиште, на ден 07.10.2024 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОДОБРУВА спроведување на дополнителна распределба на новопронајден имот – парични средства во износ од 3.566.085,00 денари на стечајниот должник Друштво за производство и промет на млинарско пекарски производи и сточна храна ЖИТО ВАРДАР АД Велес -во стечај, со седиште на ул.Моша Пијаде бр.2 во Велес, со единствен матичен број на субјектот 4025547, единствен даночен број 4004989100238.

СЕ ЗАДОЛЖУВА стечајниот управник да спроведе постапка за дополнителна распределба на новопронајдениот имот – парични средства во износ од 3.566.085,00 денари и да ги преземе следните дејствија:

- да состави посебен план за распределба на средствата заради намирување на трошоците на постапката и за намирување на стечајните доверители, како и
- да состави и поднесе посебен извештај и посебна сметка.

О б р а з л о ж е н и е

Пред овој суд со Решение СТ.бр.115/15 од 19.05.2016 година на Основниот суд Велес над стечајниот должник Друштво за производство и промет на млинарско пекарски производи и сточна храна ЖИТО ВАРДАР АД Велес -во стечај била отворена стечајна постапка, а за стечаен управник е именуван Ацо Петров од Скопје.

Во текот на постапката согласно одлуките на Собранието на доверители, извршено е впаричување на поголем дел имотот кој ја сочинува стечајната маса и спроведена е прва авансна распределба по план за распределба на стечајниот управник кој е одобрен со правосилно Решение СТ.бр.115/15 од 22.08.2019 година и втора авансна распределба по план за распределба на стечајниот управник кој е одобрен со правосилно Решение СТ.бр.115/15 од 10.12.2019 година. По однос на преостанатиот нераспределен износ на парични средства во стечајната маса, како и делот од недвижниот имот – Пакет 3 и Пакет 2 кој не е продаден ниту по три обиди за впаричување преку електронска продажба, извршена е распределба на имотот сразмерно на стечајните доверители. Стечајната постапка е заклучена со правосилно Решение СТ.бр.115/15 од 28.02.2022 година, а со истото решение стечајниот управник е задолжен во корист и за сметка на стечајната маса да продолжи да ги застапува интересите на должникот во судските и други постапки кои се во тек, помеѓу кои и постапката ВПП2.бр.14/20 пред Основен суд Велес, при што доколку од исходот на постапките стечајниот должник се стекне со имот во корист на стечајната маса, истиот ќе биде предмет на дополнителна (одложена) распределба согласно одредбите од Законот за стечај.

По заклучувањето на стечајната постапка, со писмен поднесок од 03.10.2024 година стечајниот управник поднесе барање за спроведување на дополнителна (одложена) распределба, во кое наведе дека по заклучување на стечајната постапка, во рамките на извршната постапка пред извршител Борис Пљаков од Велес, останати се парични средства добиени од продажба на недвижен имот, и со тоа достапни се средства во корист на стечајниот должник во износ од 3.566.085,00 денари. Кон поднесокот е доставен писмен доказ –Заклучок за намирување И бр.1109/13 од 26.04.2024 година.

Постапувајќи по ваквиот предлог на стечајниот управник, следуваше судот да одлучи како во изреката од следните причини:

Согласно чл.201 ст.1 т.3 од Законот за стечај, по барање на стечајниот управник или по барање на стечаен доверител или по службена должност, стечајниот судија ќе

донесе решение за спроведување на дополнителна или одложена распределба, ако по завршното собрание биле идентификувани (определени) предметите и правата што претставувале дел на имотот што влегува во стечајната маса (новопронајден имот). Според ст.2, заклучувањето на стечајната постапка не го спречува стечајниот судија да донесе решение за спроведување на одложена распределба.

Според чл.203 од Законот за стечај, кога стечајниот судија донел решение за спроведување на дополнителна распределба, стечајниот управник ќе ја распредели достапната сума или приходите остварени од располагањето со идентификуваниот (определениот) предмет, врз основа на завршниот извештај. За таквата распределба, стечајниот управник ќе му поднесе посебен извештај и посебна сметка на стечајниот судија.

Во конкретниот случај, од приложениот доказ кон предлогот на стечајниот управник, судот утврди дека по заклучување на стечајната постапка должникот се стекнал со имот- парични средства во износ од 3.566.085,00 денари, согласно Заклучок за намирување И бр.1109/13 од 26.04.2024 година на извршител Борис Пљаков од Велес.

При ваква состојба, судот оцени дека се исполнети законските претпоставки за одобрување на дополнителна распределба, поради што следуваше да одлучуи како во изреката, посебно ценејќи дека заклучувањето на стечајната постапка не го спречува стечајниот судија да донесе вакво решение, сето тоа во смисла на чл.201 ст.1 т.3 в.в. ст.2 и чл.203 од Законот за стечај.

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС, СТ.бр.13/2024 од 07.10.2024 година

Стечаен судија
Дара Арсова

ПРАВНА ПОУКА:
Против ова решение должникот има право на жалба во рок од 8 дена
од приемот, односно од објавување на решението во Сл.Весник на РСМ,
преку овој суд до Апелационен суд Скопје.
Согласно чл.12 ст.8 од ЗС, жалбата не го задржува извршувањето на решението.

ДН: Стечаен управник Ацо Петров од Скопје
Должник преку оглас
Оглас во Сл.Весник на РСМ
Огласна табла на судот
ЦР на РСМ